Машински факултет
Број 02-727/2
31.03.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 50 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во согласност со Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите (Сл. весник на РМ број 120/2010) и Одлуката донесена од Наставно-научниот совет за начинот на реализација на практичната настава за студентите на прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје број 02-727/1, Деканот на Факултетот, на 31 март 2016 година, го донесе следново

# УПАТСТВО

за реализација на 30 дневна практичната настава за студентите
на прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје

Студентите на прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје, практичната настава во времетраење од 30 дена, која е задолжителна во втора (II) студиска година на четиригодишните студии и факултативна за сите студиски години без оглед дали студиската година се запишува по прв пат или повторително, ќе ја реализираат на следниов начин:

## I. Период на реализација, обем и времетраење на практичната настава.

1. Практичната настава по правило се реализира по завршување на наставните активности во учебната година, а најдоцна до 15 септември, односно до почетокот на новата учебна година.
2. Практичната настава по правило се реализира во обем од четири часа дневно.
Практичната настава може да се реализира и во поголем обем, но најмногу до осум часа дневно, доколку е во заеднички интерес на студентот практикант и на субјектот во кој таа се реализира.
3. Практичната настава по правило се реализира во времетраење од 30 дена.
Практичната настава може да се реализира и со подолго времетраење, но најдоцна до 15 септември, под истиот услов како за поголем обем од претходната точка. Практичната настава реализирана со подолго времетраење нема да се засметува за друга студиска година.

## II. Известување, упатница и субјекти во кои се изведува практичната настава.

1. Известувањето за обврскатата за реализација на 30 дневна практична настава, за студентите од втора студиска година на четиригодишните студии го врши Центарот за кариера на Машинскиот факултет во Скопје.
Известувањето е општо и содржи информации за студентите за кои во тековната учебна година е задолжителна 30 дневната практична настава, за субјектите во кои практичната настава може да се реализира, а кои се обезбедени од Факултетот, за бројот на студенти од соодветна студиска програма кои можат да реализираат пракса во одреден субјект кој врши дејности од областа на студирањето (студиската програма), за периодот во кој праксата може да се реализира во одреден субјект.
2. Преку Центарот за кариера студентот ќе обезбеди упатница - писмо на меморандум на Факултетот, за реализација на практичната настава во субјект.
Писмото го потпишува Деканот, односно овластените продекани и се заверува со печат и број во Архивата на Факултетот.
3. Информација за субјектите во кои може да се изведува практична настава подготвува и објавува Центарот за кариера.
Субјектите - организации и установи во кои се изведува практичната настава обезбедува Факултетот со потпишување на меморандуми или договори за соработка.

Практичната настава може да се реализира и во субјекти со кои Факултетот нема потпишан меморандум или договор, односно во кои студентите сами ќе обезбедат пристап, но под услов пред почетокот на реализација на праксата со тие субјекти договорно да се уреди соработката меѓу Факултетот и субјектот преку Центарот за кариера.

Кога праксата се реализира во субјекти од странство, во кои пристапот се обезбедува преку студентска размена низ формите на студентско организирање (IAESTE, ESTIEM, BEST), правилата и условите за реализација во целост се уредени со акти на студентската организација.

**III. Реализација на практичната настава.**

1. Практичната настава се реализира во текот на работното време на субјектот во кој студентот е упатен.
2. Студентот има обврска при реализација на праксата да се придржува кон прописите и правилата за работа со кои е уредено работењето на субјектот.
3. На студентот кој нема да го почитува работното време и правилата на работење со кои ќе биде запознаен, ќе му биде прекината практичната настава, а деновите поминати на пракса до прекинот нема да му бидат признати.
4. За време на реализација на практичната настава студентот има обврска да води дневник во кои ги бележи дневните активности.
5. Дневникот со свој потпис го потврдува назначениот координатор или ментор на студентот од редот на вработените во субјектот домаќин, пропратено со куса забелешка во која дава оценка за работата на студентот.
6. Субјектот во кој се изведува практичната настава на студентот му издава потпишана и заверена потврда за нејзина реализација.

**IV. Верификација на практичната настава.**

1. Верификација на успешно реализирана практична настава врши одговорното лице за пракса - менторот во институтот кој е носител на студиската програма на која е запишан студентот, кој е определен со одлука на Деканатската управа на Факултетот.

   Одлуката на Деканатската управа со која се определуваат одговорните лица за пракса - ментори се донесува и објавува на почетокот на учебната година.
2. Студентот, за верифицирање на практичната настава ги доставува Дневникот и Потврдата до одговорното лице во соодветниот Институт.
3. Верификацијата, односно признавањето на успешно реализирана практична настава го врши одговорното лице - менторот со свој потпис на Потврдата издадена од субјектот во кој праксата е изведена.
4. Потврдата потпишана од одговорното лице се доставува во Студентската служба на Факултетот при уписот на зимскиот семестар.

**V. Евиденција за верификувана практичната настава.**

1. Одговорното лице - менторот во институтот води евиденција за потпишани потврди за реализирана практична настава на студентите.

   Евиденцијата се води по учебни години и ги содржи следниве податоци: име и презиме на студентот, број на индекс, студиска програма на која е запишан, периодот во кој е реализирана праксата, називот на субјектот во кој е реализирана праксата, датумот кога е потпишана потврдата, односно призната праксата од одговорното лице.

Упатството да се достави до: Центарот за кариера, веб страна, огласна табла, студентска служба, продекан за наставна дејност и архивата на Машински факултет во Скопје.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов